Допис наш број 02-1435/1 од 14.08.2017 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1776
29.10 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15 и 154/15), министерот за образование и наука донесе

Рок на чување: 2
2020 год.
Потпис.

Примено: 13-07-2017

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 613/1 | | |

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на студии по Демографија на Природно – математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на студии по Демографија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр.12-60/2 од 19.05.2015 година за акредитација на студиска програма од прв циклус на студии по Демографија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот се обрати со барање бр. 09-1055/11 од 25.08.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-1776 од 26.08.2105 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на студии по Демографија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 14-1776 од 10.09.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 15.09.2015 година, изврши увид и изготви Извештај бр.1776 од 15.10.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на студии по Демографија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска
контролиран: Марика Парцанова
одобрил: д-р Агим Рушити